ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:** 18-297/2

**Дата:** 26.02.2013

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**
**ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ШУМАРСТВО И ЛОВСТВО**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Ова известување претставува наш заклучок по извршената ревизија на успешност на тема “Ефикасност во вршењето на работите и услугите од доделените концесии на дивечот во ловиштата во Република Македонија“ која се однесува на активностите поврзани со оценка на ризиците и можностите за подобрување на условите за одгледувањето, заштита, ловењето и користењето на дивечот. Целта на ревизијата е да се даде оценка за ефикасноста во управувањето од областа на вршењето на работите и услугите од доделените концесии на дивечот во ловиштата на РМ, за да одговориме на клучното прашање *“Дали во Република Македонија со доделувањето на договори за концесија на дивечот на ловиштата се овозможува заштита, ловење-користење на дивечот и неговите делови како и природна рамнотежа на истиот? “*

Нашата ревизија на успешност на тема “Ефикасност во вршењето на работите и услугите од доделените концесии на дивечот во ловиштата во Република Македонија“е извршена согласно Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на ДЗР за 2012 година.

Со ревизијата на успешност е опфатена област која до сега не била предмет на ревизија, а која претставува предмет на интерес од повеќе аспекти и за повеќе целни групи. Периодот кој беше опфатен со нашата ревизија е од 1999 година, а во одредени случаи и пред тој период, до денот на ревизијата, согласно важноста на договорите од 10 до 20 години. Најголем дел од доделените договори се со важност до 2009, 2010 и 2011 година. Во текот на 2010 и 2011 објавени се нови огласи и потпишани се нови договори со важност од 10 и 20 години во зависност дали се работи за ситен или крупен дивеч.

Прелиминарните истражувања беа насочени кон следните области:

- Структура на политики и начин на примена на законската регулатива од областа на доделување на концесии на дивечот;
- Договори за концесија на дивечот во ловиштата на РМ, склучени согласно ловостопанските основи.

Со цел постигнување на објективна и реална оценка на тековните состојби како и креирање на јасни и реални препораки кои надлежните институции во областа треба да ги спроведат, ревизијата се насочи на повеќе откриени ризици кај споменатите области.

Целокупниот опфат и доказите кои ги обезбедивме по пат на спроведените техники и методологија од страна на ревизијата, ни дадоа основа да го изразиме следното:

Одлуките за јавни конкурси донесени од Владата на РМ за давање на дивечот во ловиштата на концесија и потпишувањето на договорите се склучени со задоцнување од неколку месеци, а за одредени ловишта и повеќе од една година.

Одредени ловишта од денот на истекување на рокот на важење на договорот, до денот на ревизијата не се дадени на концесија и не се превземени мерки и активности за определување субјект на кој ќе се даде дивечот на присилна концесија, до моментот на објавување на нов јавен конкурс.

Во изминатиот период, на Јавното претпријатие "Македонски шуми" Скопје на времено одгледување и заштита и на присилна концесија до моментот на давање на дивечот на концесија по пат на јавен конкурс доделени се одредени ловишта, но не се склучувани договори, туку дивечот во ловиштата се давал на времено одгледување и заштита или на присилна концесија само со Одлука донесена од Владата на РМ.

Дивечот во одредени ловишта, кои согласно одлуките на Владата на РМ, се доделени на одредени правни субјекти на користење по пат на концесија во текот на траење на концесијата со анекс кон основниот договор, своето право на користење утврдено во основниот договор целосно или делумно без согласност на концедентот, а со писмена согласност на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, го пренеле на други правни субјекти кои не учествувале во јавниот конкурс.

Ревизијата констатира дека концесионерите не секогаш ги исполнуваат условите предвидени во договорот и Законот за ловство, во смисла на ангажирање на стручни лица за спроведување на посебните ловостопански основи, најмалку еден ловочувар за едно ловиште со соодветно стручно образование.

Нашите препораки во овој извештај се однесуваат на активности кои надлежните институции во РМ треба да ги преземат со цел отстранување на ефектите од

утврдените неправилности, состојби и наоди во извештајот даден во продолжение, како и создавање услови за подобрување на одгледувањето, заштитата, ловењето - користењето на дивечот во ловиштата на РМ.

Во таа насока ги даваме следните препораки упатени до институциите на централната власт со цел да се преземат активности за отстранување на ефектите од утврдените неправилности, состојби и наоди во извештајот даден во продолжение како и создавање услови во функција за подобрување на состојбата со доделувањето на концесиите на дивечот во ловиштата на РМ и тоа:

- Одговорните лица во МЗШВ да преземат мерки и активности за следење на договорите за давање на дивечот во ловиштата на концесија со што ќе се придонесе за навремено доставување на предлози од страна на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство до Владата на РМ за распишување на јавни конкурси.

- За дивечот во ловиштата кој не е доделен на концесија, од страна на МЗШВ да се иницира предлог до Владата на РМ за давање на истиот на времено користење или присилна концесија.

- За дивечот во ловиштата кои се дадени на присилна концесија на ЈП „Македонски шуми" - Скопје, да се склучи договор во кој ќе се утврдат правата и обврските на договорените страни, начинот и средствата за финансирање на дејноста ловство.

- Доколку во иднина се склучат анекс на основните договори, истите да се склучат на начин и постапка како основните договори.

- При склучување на договорите за концесија да се почитуваат условите и обвските од договорот од страна на концесионерите, кои се обврска и со законската регулатива, заради одгледување и заштита на дивечот согласно условите утврдени во законот, во смисла негово чување, вршење преглед и превземање мерки во ловиштето.

  На Нацрт извештајот добиени се забелешки од министерот на Министерството за земјоделството, шумарството и водостопанство кои од овластениот државен ревизор делумно се прифатени во насока на преформулација на реченицата во точката 2.1. од ревизорските наоди додека дел од доставените забелешки преставуваат известувања кои ревизијата ги имаше во предвид.